Д-р Јованка КЕПЕСКА

# ДЕЛОТО ОД МАКС ВЕБЕР "ПРОТЕСТАНТСКАТА ЕТИКА И ДУХОТ НА КАПИТАЛИЗМОТ"

Социјалното дејствие е основна категорија на емпириската социјална реалност (историјата) во социологијата на Макс Вебер.

Социјалниот живот за Вебер не е монада. Постојат врски и влијанија какви што се и помеѓу религијата и економијата, организацијата на економскиот живот и техниката. Но, Вебер, кој посветува големо внимание на економската сфера на животот, принципиелно ја отфрла Марксовата теорија за објаснување на религијата, политиката, правниот систем и друго, т.н. надградба, со економските причини или со економскиот фактор. Затоа економијата, техниката, научното проучување итн. можат да бидат рационализирани од аспектот на различни крајни цели, притоа рационализацијата на економијата, на пример, да нé води неопходно до рационализација на етиката, религијата итн. Можно е рационалното од една, да стане ирационално, од друга гледна точка. А токму тоа го докажува изучувањето на емпириската социјална реалност, историјата.

Би се рекло дека Веберовото сфаќање на социјалното дејствие како основна базна единица за емпириската социјална реалност, историјата, е на трагата на надминувањето на метафизиката. Затоа, анализата во неговото дело „Протестантската етика и духот на капитализмот" е актуелна и од посебен наш интерес да ја прикажеме.

1. Своето дело „Протестантската етика и духот на капитализмот" Вебер го започнува со прикажувањето на поврзаноста на верата и социјалното раслојување.

Капиталистичката сопственост и претприемништво се јавуваат првенствено меѓу повисоките работнички слоеви и најмногу меѓу високообразованиот трговски и технички персонал во модерните индустриски претпријатија. Тоа се поклопува со припадноста на протестантската вероисповест кај различни националности на соодветен степен од културниот развиток. Дека капиталистичкиот развиток го расчленил населението професионално може да се види од религиозната стати-

стика за протестантството. Религиозната припадност притоа не се јавува како пречка, туку, како последица од економските појави. Така, најмногу градови од богатите области во 16-от век се свртени кон протестантството. Тоа расположение на економски најразвиените кон една црквена револуција, требало да ја расколеба религиозната традиција и да ги оспори традиционалните авторитети.

Исто како во 16-от век во Женева и Шкотска и преку калвинизмот во 17-от век во Холандија, Северна Америка и делумно во Англија се јавува силната контрола на црквата над индивидуата. Во тогашните економски развиени реони реформаторите ја протежирале недоволната власт на религијата над животот. Пуританската тиранија особено ја штителе средните буржоаски класи. Исто се случува во Баварија, Бадел и Унгарија кога станува збор за високото образование на децата кај католиците и кај протестантите. Бројот на католиците што го посетуваат модерното техничко образование, трговско-занатските професии, реални училишта за наемен труд, определувајќи се за хуманистички гимназии, заостанува зад бројот на протестантите. Католиците ја започнуваат професијата во занаетчиските слоеви, додека протестантите влегуваат во фабриките, во вишите класи на образованото работништво. Религиозната атмосфера на татковото огниште е определувачка за професионалниот избор и развиток.

Протестантите во Франција од времето на Луј XIV (хугеноти) како и протестантите од Англија и Холандија покажуваат во пројавениот економски развиток, исто така, сопственичка и управувачка наклонетост. Ова е карактеристика на протестантството во Франција во времето на религиозните војни и на калвинизмот воопшто. Протестатството било носителот и на занаетчискиот и на капиталистичкиот развој, како и на "светоотуѓувањето", но и на "радоста на животот". Затоа, корените на различното однесување според Вебер потребно е да се бараат во продолжително формираната внатрешна суштина на луѓето.

"Светоотуѓувањето" на капитализмот и на аскетските црти што се пројавени во неговиот највисок идеал се причина луѓето да бидат воспитувани за соодветна незаинтересираност кон земните блага. Од протестантска страна тоа сфаќање се користи за критика на католичкиот начин на живот на што католицизмот одговара со прекор "за материјализмот" создаден со секуларизацијата на целата животна содржина. Вебер цитира: "Католицизмот... е помирен, со помалку склоност кон печалба, тој почесто избира еден можно посигурен живот дури сразмерно со низок доход, избегнувајќи ги опасните и ризични

животни ситуации што би му осигурале почести и богатство. Народот вели: или јади богато, или спиј мирно. Во случајот протестантот сака да јаде добро а католикот да се наспие" (1).

2. Како да се разбере "духот" на капитализмот? Вебер укажува дека тој настанува од составки решавачки за историската реалност. Имено, причините за тоа треба да се побараат во карактерните особини на големите религиозно-идејни светови историски пројавени од отклоните на христијанската религија.

Вебер ги наведува правилата на американизмот на Бенџамин Франклин во кои е содржано сето она што е карактеристично за духот на капитализмот како "социјална етика" во капиталистичката култура и услов за натамошното опстојување на капитализмот и развитокот. "Скржавичката филозофија", да стекнеш толку колку што можеш, е производот на сеопфатната етика на модерниот капитализам; "корисноста се издигнала до ниво на доброчинство"; заработувачката на пари чиста самоцел. Ако се создава по легален пат, тогаш заработувачката на пари е резултат на професионалната припадност, професионалното задолжение, обврзност што е должна личноста да ја чувствува за опстојување на сопствената работна сила и што мора да се исцрпува во имушното опстојување (2).

Правилата на оваа етика на Вебер му послужуваат да покаже дека докапиталистичкиот стопански труд има традиционализам што говори дека "духот на капитализмот" се создал пред капиталистичкиот развиток во Америка. Внатрешното сродство меѓу старото протестанство и модерната капиталистичка култура оттаму мора да го бараме во религиозните црти. Вебер го наведува Монтеские кој во Духот на законите ги оправдува народите што го прифатиле ова сродство бидејќи најмногу придонесле "од сите народи на светот за богатството, трговијата и слободата". Вебер го цитира Зомбарт кој укажува дека економската историја гравитира околу задоволувањето на потребите и заработката (3). Животот на ранокапиталистичкиот работодавец од денешен агол на гледање бил спокоен. Подоцнежната религиозна оценка на употребувањето на наемниот труд е претпоставката за ширење на "духот" на капитализмот. Имено, религијата се пресвртела кон натрупување на капиталот. Вебер затоа го наведува Готхајн ко калвинизмот во Холандија и холандскиот капиталистички излез, калвинистичката дијаспора, (објаснувањето на причините за тоа на Вилијам Пети) ги карактеризира како школата на капиталистичкото стопанство (4). Во 17-от постои надмоќ на холандскиот капитал над Англија (старата Англија на лендлордовите во однос на економската моќ на

пуританските кругови на Северна Америка). Тоа била спротивставеноста во Северна Америка меѓу авантуристите што сакале да живеат како феудалци и специфично буржоаските уверувања на пуританците за стопанскиот човек на засилената ситна буржоазија и квекерите како просперитетни кругови при појавата на секуларизација на сопственоста.

Токму затоа реформацијата на калвинизмот била соодветна за развојот на капиталистичкиот дух, духот на трудот, напредокот, што никако не можат да се сфатат како овоземно сладострастие, светско наслаудување. Модерниот капитализам настанал со "етички" карактеристики кои ја создаваат работна способност. Работникот за работа, претприемачот за заработка. Ниските примања се продуктивни и ја зголемуваат производноста на работникот: затоа во духот на стариот калвинизам народот работи додека е беден а само резервната армија е за развој. И богатиот не треба да јаде без да работи. Затоа е потребно да се зафатиме за професијата како апсолутна осаменост при максимум удопства и минимум вложен труд. Тоа значело зафаќање со работа само за да се постигне вообичаената плата. За економското воспитување затоа е потребно религиозното воспитување. На таков начин професијата е производ на продолжителен воспитен процес. Способноста за концентрација на мислата и рамнотежата во однесувањето се сретнуваат со печеливоста и со растот на заработувачката. Преку самосовладување и умереност, се зголемува способноста за производство.

Потоа е создаден сојузот на црквата и државата. А привилегирани се трговскиот, работодавачкиот и колонијалниот капитализам. Така, крупниот капитализам со своите сфаќања се дистанцира од сфаќањето на пуританците.

3. Во делото "Протестантската етика и капиталистичкиот дух" светскиот труд наспроти духот на средновековната традиција, претставена од Тома Аквински, од Бога определен да биде лицемерен и ништожен, Лутер го определува како непроменлива природна основа на религиозниот живот; индиферентен како јадењето и пиењето (5). Природната квалификација на световниот професионален живот е една од значајните последици на Реформацијата. Иако Адам Смит го принудува одделниот човек да работи за другите, сепак, потоа преовладува определувањето дека исполнувањето на внатрешно неодминливите задолженија е единствениот начин да му се бендисаш на Бога. А Бог има еднаква волја во однос на сите професии.

Догматските корени на аскетичката природа, укажува Вебер во ова дело, одумираат по долги битки во 17-от и 18-от век кога во Англија и Франција се воделе големите политички и културни битки во однос на калвинизмот, односно околу неговата догма за учењето за господовиот избор (слободната волја) со што економскиот традиционализам се сфаќа како резултат на сѐ поизразената верба во провидението.

Идејата за божји избор е појдовната точка на пиетизмот (пуританството) со што оживеал аскетскиот дух на старата религија. Оваа идеја е задржана и во реформираната црква (кај калвинистите). Вечната божја волја се состои во тоа дека Бог со заповед определил за едни луѓе вечен живот, а за други вечна смрт.

Според активното призвание Бог за оние кои ги определил за живот и им ги заменил камените срца со вистински, ја обновува волјата и сето добро за нив.

Провидението, пак, лошите и безбожни луѓе ги осудува за минатите гревови и ги лишува од својата милост и сострадание за да им помогне во разумот и да им ги облагороди срцата. "Но ако одам во пеколот, таков Бог не го заслужува моето внимание", Вебер го цитира Милтон, теологот-пуританец, за таквото учење.

Затоа според Калвин: не е Бог измислен за човека, туку човекот е тука по Божја волја и сѐ што се случува има смислата како благодарност на божјата големина. Ова сфаќање за човекот што според него произлегува од Новиот завет, зборува за Небесниот татко кој се радува на враќањето на блудниот син. Најважно е следното: чувството за непознатото внатрешно осамување на одделниот индивидуум: Човекот е осуден да го помине самотно својот пат кон судбината што му е определена засекогаш од вечноста.

Ваквото учење е сврзано со строгото учење за безусловната оддалеченост на Бога и на незначителноста на сѐ што е земно при што вели Вебер, од друга страна, истовремено се вкоренува индивидуализам кој и денес дејствува во "народносниот карактер" и многу често во институциите на народите со пуританско минато (6). Љубовта кон блискиот треба да биде вградена во исполнувањето на природните професионални задолженија, што добива карактер на рационално изградување на стопаскиот космос (4). Калвинизмот не познавал раздвојување на единечното и етиката. Затоа во него опстои политичко економски рационализам во што се состои утилитаристичкиот карактер на калвинистичката етика и од што води почетокот и на најважните особености на концепцијата за професијата (5).

Потребно е да се укаже дека според Вебер во Лутеровиот превод на Библијата и смислата на реформацијата за првпат е употребена професијата со значење во современа смисла (6). Реформацијата во зборот професија ги отфрла значењата на заповед и совет, туку согласно монашкиот аскетизам исполнувањето на задолженијата на внатрешен мир кај секој одделен човек се претворени во професија.

Но, со сфаќањето на аскетичката самодисциплина, пројавена како чин на светост, Лутеранството во извесна смисла се враќа назад кон мистиците. Затоа зависноста меѓу животната форма и религиозната појдовна точка во историјата на капиталистичкиот развиток е полесна за востановување кај калвинизмот и протестантските секти, укажува Вебер (7). Се разбира етичките цели и практичните дејствија на нивните учења се придружени со чисти религиозни мотиви. Културните резултати и на Реформацијата не биле предвидливи. Дури некогаш биле и спротивни на претпоставките. Бидејќи создавањето на новите цркви (бидејќи се тоа политички процеси) не може да се врзе за економските закони затоа е потребно да се истражува поврзаноста меѓу определените форми на религијата и социјалната етика.

Во својата теологија која ја цитира М. Вебер, Р. Бакстер создава апотеоза на поделбата на трудот од Адам Смит зошто таа води кон усовршување на работната производственост и на општественото богатство. Затоа за сето најдобра е установената професија (позив-повик-calling) - сватена како доходовност (8).

Крајот на 17-от век е познат со манастирската реформација (методисти) - чиј творец Dzon Westly ја изразил со девизите работливост (industry), заработка (frugality) што заедно со богатството ги зголемуваат гордоста, страста и љубовта. Издигнат до добрачинство, професионализмот во религијата, постепено губел корист и го отстапувал местото на утилитарната материјалност (9). Навистина пургерите биле за конфортот "чиста совест - мека возглавница", но сега се создава чиста совест во однос на заработувачката бидејќи се натрупувала по легален пат како буржоаски професионален етос. Да не се употребува богатството на неприличен начин, да се следи профитерскиот интерес.

4. Можеме да заклучиме дека иако христијанскиот аскетизам најпрво побегнал од реалноста во самотија, одрекнувајќи се од светот, покасно светот го завладеал црковно. Притоа на светскиот секојдневен живот му го оставил природниот и непринуден карактер. Напуштајќи ги манастирските порти тој пристапува на прагот на вистинскиот живот и постепено обврзувајќи го секојдневието со својата методи-

ка, стремејќи да го трансформира во рационален живот, внатре во светот, ниту од, ниту за тој свет.

Но, денес капиталистите кон црквата се однесуваат индиферентно. Претприемачот не придобива ништо за сопствената личност освен чувство дека добро ја исполнил професијата, како ненаситна себичност. Тоа била заработката како професија што Тома Аквински го нарекол турпитудо - бескарактерно, вели Вебер (10). Врз трговски основи се создава индустријата со што е остварен духот на капиталистичката заработка. Се создава претприемник од нов стил. Идеалот на новиот стил е трудот во служба на рационалното изградување на човечкото материјално осигурување за стопанскиот успех. (Еретиците и атеистите - лихвари, притоа, се осигуруваат со определена сума во случај на смрт). Развивањето на капиталистичкиот дух треба да се сфати како изолирана појава во општиот развиток на рационализмот и одвоено од животните проблеми. Во таа смисла протестантството може да се разгледува историски доколку изиграло само улога на зародиш за чисто рационалистичките погледи. Во исто време, Волтеријанството како практика на средните слоеви во ранокапиталистичките држави (Италија и Франција) го разбира светот на раздвоеното јас, на што не може да се издигне барањето на професијата како задача. Затоа рационализмот е историска појава што вклучува во себе еден противречен свет во кој ирационалниот елемент влегол како основа за друг поим на професијата.

Духот на капитализмот кој е создаден од пуратинскиот професионален аскетизам на крајот ја губи религиозната смисла. Најпрво со односот меѓу делото и одрекнувањето како Фаустовска човечка многустраност.

Ако аскетизмот станал обележје за космосот на модерниот стопански раст сврзан со технички и економски претпоставки на механичко-машинската продукција, тогаш просветителството - наследникот на исполнувањето на професионалното задолжение му придава спортски карактер што сега асоцира на задоволствата со културен развој: се бара дух, срце, бидејќи без тоа не се постигнува ништо.

Аскетскиот рационализам е содржината на социјално-политичката етика во црквата, сектите и државата, како надворешна функција. Влијанието врз народниот карактер, развивањето на филозофијата, научниот емпиризам, техниката и духовните културни богатства, историски и во одделни региони (мотивите) го покажуваат значењето на аскетското протестантство за културата. Но, сепак, Вебер укажува

дека протестантството треба да се истражи како резултат на целосните општествени а културни и особено економски услови (11). Необразложеното материјалисичко објаснување - не дава историска вистина.

Реформацијата која не е отстранување на црковното господство над животот е повеќе смена на формата на тоа господство на животот. Фактички тоа е смената на господството на католичката црква "која го накажува срекникот и е наклонета кон грешникот, нешто што важи за минатите времиња".

Вебер ги анализира оние влијанија на црквеното воспитување што се прилагодени на субјективното приспособување на одделната личност кон аскетичка религиозност во животното однесување. Отаму аскетизмот претставува рационално изградување на целата практика, ориентирано според Божјата волја но, не повеќе како работа според виша заповед, туку секој она што може да го достигне и што сака да го осознае сопственото блаженство го постигнува. На таков начин рационализирањето на животното однесување внатре во светот било условено со професионалната концепција на аскетичкото протестантство. Од друга страна, црквено-полициската контрола врз животот на одделен човек се приближува кон методите на инквизицијата. Затоа меркантилистичкото регелментирање на државата можело да одгласува индустрија, но не само по себе и капиталистички дух, бидејќи таквата контрола го парализирала. Ист резултат покажува и регелментирањето на аскентизмот во сектите што произлегле од крстоносците заради што тие не изградиле "цркви".

Можеме да заклучиме дека целосното пресвртување на животната смисла настанува во 17-от век. Пресвртувањето на природниот статус во статус на блажествено-христијанскиот аскетизам од времето на средновековието и доцната антика, поседува рационален карактер. Целта, за разлика од некои популарни претстави. била водењето буден и осознавачки живот; најнастојуваната задача е уништување на непринудноста и потчинувањето на страстите, стремежите кон задоволства, најважното средство на аскетизмот е создавањето поредок во начинот на живот. Рационалниот карактер и воопшто чувствената страна на религиозноста, смета Вебер, постои уште пред Лутер, уште од Стариот завет бидејќи Св. Павле рекол дека кој не работи, не треба да јаде.

Вебер покажува дека влијанието на пуританството (израз во популарниот јазик на 17-от век за пиетизмот) и еврејската религија врз политичката етика и социјалната политика на капитализмот е различно

од сите други религии, Вебер (12). Претставители се пиетизмот, методизмот кои како и калвинизмот - секти од крстоносните војни, значи англиските и холандските религиозни движења беа разлика на црковните уставни програми и догми и без никаква предност на "независните" конгрегационисти и сектите произлезени од крстоноштвото: баптистите, менотите и квекерите, што во 18-от век се одвојуваат од државната религија. Калвинизмот и крстителството не биле на спротивставени позиции уште во 17-от век. Оттаму станува збор за пуританството во најширока смисла претпоставувајќи ги сите произлезени секти од кои само една - калвинизмот "не е секта туку црква". (13)

## Белешки:

1. Макс Вебер во Протестантската етика и духът на капитализма, Издателство Хермес - 7, София, 1993, стр. 25 го цитира д-р Мартин Охенбахер, Студија за стопанската состојба на католиците и протестантите во Баден, 1901 г. Тубинген и Лајпциг, книга IV, стр. 68;

(2) М. Вебер, истото дело, стр. 38-40;

(3) Исто, стр. 48.

(4) М. Вебер ја цитира Стопанската историја на Шварцвалд, Страсбург, 1982, истото дело, стр 27;

(5) Исто, стр. 69;

(6) Исто, стр. 97;

(7) Исто, стр. 89 и натаму;

(8) Исто, стр. 68;

(9) Исто, стр. 120 и натаму;

(10) Исто, стр. 54;

(11) Исто, стр. 194;

(12) Исто, стр. 39; М. Вебер, Социология на господството. Социология на религията, бугарско издание во превод на Р. Даскалов, стр. 331, цитирано кај Георги Фотев, История на социологията, Универзитетско издадетелство "Св. Климент Охридски", том втори, София, 1993, стр. 328;

(13) Макс Вебер во Протестантската етика и духът на капитализма, Издателство Хермес - 7, София, 1993, стр. 134; Георги Фотев, История на социологията, Универзитетско издадетелство "Св. Климент Охридски", том втори, София, 1993, стр. 328;